**20200310588**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СОБИРИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за јавните собири,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 4 февруари 2020 година.

Бр. 08-1108/1
4 февруари 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СОБИРИ

Член 1

Во Законот за јавните собири („Службен весник на Република Македонија“ број 55/1995, 19/2006, 66/2007 и 152/15), во член 9 став (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 200 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микро трговци; од 400 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 600 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече за прекршок на правното лице (организатор) на јавен собир, ако:“.

Во ставот (2) зборовите: „30% од одмерената глоба на правното лице (организаторот)“ се заменуваат со зборовите: „250 до 500 евра во денарска противвредност“.

Член 2

Во член 10 став (1) зборовите: „510 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „150 до 250 евра“.

Член 3

Членот 10-в се брише.

Член 4

Во целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.